# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ЦИВИЛИЗАЦИИ НА БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС, СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот за избор и ре-избор на наставници во наставно и насловно звање, објавен во дневниот весник Нова Македонија на ден 23.06.2017 година, за наставник во насловно звање за наставниот предмет Цивилизации и врз основа на Одлуката на Наставничкиот совет, бр. 0205-187/6-8, донесена на 07.07.2017 година, формирана е Рецензиона комисија во состав: проф. д-р Мимоза Бакиевска, професор на висока стручна школа на Бизнис академија Смилевски – БАС - Скопје - претседател, проф. д-р Гордана Никчевска, професор на висока стручна школа на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје- член и проф д-р Јове Кекеновски, редовен професор на Факултет за туризам и угостителство, Охрид- член.

Како членови на Рецензионата комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставници во насловно звање за наставниот предмет Цивилизации, во предвидениот рок се пријави еден кандидат за избор: д-р Благој Цонев.

## Д-р Благој Цонев

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Благој Цонев е роден на 24.12.1985 година во Делчево. Прв циклус на студии завршува во 2007 година на Правно-историскиот факултет при Југозападен Универзитет „Неофит Рилски“ во Благоевград, Р. Бугарија на насоката правно-политички науки по меѓународно право и меѓународни односи. Втор циклус на студии завршува во 2009 година на истиот факултет и се стекнува со титулата Магистер по меѓународни односи. Трет циклус на студии завршува во 2016 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде се стекнува со титулата Доктор на политички науки – меѓународни односи.

Во однос на професионалниот развој, кандидатот бележи учество на повеќе школи при што се има стекнато со следниве сертификати и дипломи:

- Сертификат за компаративни истражувања на конфликти – преиспитување на транзициската права: лекции научени од Балканот, Центар за компаративни конфликтни истражувања во Белград, Србија, Европски фонд за Балканот, Белград 2014 година;

- Сертификат од Школа за транзициска правда и институционални реформи во Југоисточна Европа, Фондација Конрад Аденауер – Програма за владеење на право во Букурешт и Здружение „Правник“, Сараево 2013 година;

- Диплома за комунистички студии и колективна меморија за комунистичките злосторства, Институт за истражување на комунистичките злосторства и меморија за романската дијаспора во Букурешт, Романија, Рамнику Сарат, 2012 година;

- Сертификат по Американско уставно право и американско уредување, Центар за меѓународни правни науки во Салцбург, Австрија, Благоевград, 2006 година;

- Диплома по меѓународни науки, Школа по меѓународни науки на Универзитетот „Демокрит“ во Комотини, Грција и Југозападниот Универзитет „Неофит Рилски“ во Благоевград, Бугарија, од програма Интернет 3-А на Европската унија, Комотини, 2006 година;

Кандидатот активно се служи англискиот, бугарскиот и францускиот јазик.

Кандидатот моментално работи како доцент во подрачјето на политички науки од научните области: Политички науки, Меѓународни политички организации, Дипломатија и разно на МИТ Универзитетот во Скопје.

Рецензионата комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Кандидатот работи како доцент во подрачјето на политички науки од научните области: Политички науки, Меѓународни политички организации, Дипломатија и разно на МИТ Универзитетот во Скопје.

Кандидатот е избран во насловно звање виш предавач за групата наставни предмети Социологија, Цивилизации и Балканистика на Бизнис академија Смилевски – БАС, каде реализира настава по тие предмети уште од 2010 година.

Кандидатот работел и како соработник – истражувач во областа на меѓународните односи и студии на Југоисточна Европа на Универзитетот Еуро – Балкан, Скопје, во периодот од јуни 2012 до јули 2014 година.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Кандидатот (како автор и коавтор) во периодот од 2014 година до денес има објавено 7 научни трудови во списанија, зборници, форуми и сл.:

1. Europeanization of the Balkan Nations: Institutional Reform and Ethic problems, International Journal of Rule of Law, Transitional Justice and Human Rights,

Sarajevo, March 2014, Објавен во дата базата на Social Science Research Network (ISSN: 2232-7541).

2. Is there a possibility of crash between the Islam and the modern world. Коавтор со Јана Илиева. Зборник на трудови на Македонски Политиколошки Форум, Скопје, год. 2, бр. 4, март 2015 година, Објавен во дата базата на EBSCO Publishing (ISSN: 1857-9167).
3. The process of ethic homogenization of the Greek nation and its impact over the denouncing of the cultural identify of the other ethic groups: the case with the Macedonian ethic minority. Co-author with Jana Ilieva, Aktualne Otazky Politiky IV – Proceedings. Trencin, June 2015 (ISBN: 978-80-8075-704-5).
4. Democracy, Legal State, Human Rights: The armed humanitarian interventions as triumph of the human rights over the sovereignty. Коавтор со Јана Илиева, Зборник на трудови на меѓународната конференција организирана од страна на Факултетот за безбедност при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, 2015 година (ISBN: 978-608-4532-71-2).
5. Globalization, women and the Muslim world. Коавтор со Јана Илиева. Македонско списание за политички науки, Скопје, год. 3, бр. 6, Февруари 2016, Објавен во дата базата на EBSCO Publishing (e-ISSN:1785-6812).
6. The impact of politics od International Law: Macedonia v. Greece in the International Court of Justice. Коавтор со Јана Илиева, Political Science Forum, Trencin, vol.5, num. 1, Spring 2016 (ISSN: 1338-6859).
7. Multiculturalism and Multi-confessionalism in the Balkan and in Macedonia. Коавтор со Јана Илиева и Иванка Додовска. Political Science Forum, Trencin, vol.5, num. 2, Fall 2016 (ISSN: 1338-6859).

**<u>Оценка од евалвација</u>**

Врз основа на резултатите добиени од семестралната евалвација направена од страна на студентите за квалитетот и изведбата на наставникот, може да се воочи дека наставникот нема добиено поголема оценка од 3 на скала од 1 до 4, а исто така има добиено сериозни укажувања за практикување на стилот на студирање на БАС од страна на Академијата што е еден од условите за ре-избор во звање. Па токму поради тие причини кандидатот го упатуваме на повторна хабилитациона постапка за избор по завршување на неговото насловно звање.

## Заклучок и предлог

Со големо внимание ја проследивме доставената документација по конкурсот за избор на наставници во насловно звање по предметот Цивилизации на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје. Со оглед на тоа што кандидатот д-р Благој Цонев претходно беше избран во насловно звање виш предавач на Бизнис академија Смилевски - БАС за групата наставни предмети: Социологија, Цивилизации и Балканистика, а врз основа на новите

измени во групите наставни области и наставни предмети, овие предмети за избор и ре-избор се разделија како засебни, кандидатот д-р Благој Цонев се има пријавено за наставниот предмет Цивилизации.

Врз основа на целокупната доставена документација и резултатите од евалвацијата на квалитетот и изведбата на наставата што досега овој наставник ја има реализирано на Академијата, како и врз основа на тоа што кандидатот нема објавено стручни/научни трудови во областа за која конкурира, а воедно и нема учествувано на стручните и научните собири организирани од страна на Академијата, Рецензентската комисија, му предлага на Наставничкиот совет да постапи и направи избор во интерес на Академијата и студентите.

03.10.2017 г.

**Рецензентска комисија:**

**Проф. д-р Мимоза Бакиевска - претседател**

**с.р.**

**Проф. д-р Гордана Никчевска – член**

**с.р.**

**Проф. д-р Јове Кекеновски - член**

**с.р.**